# Спроведување на јавните набавки

## јуни 2021, Скопје



# Фази во јавните набавки



# Фази во јавните набавки




- Одлуката за јавна набавка се донесува врз основа на годишниот План за јавни набавки.

- Одлуката ги содржи следните податоци:
  - видот и количината на набавката;
  - проценета вредноста на набавката и изворот на парите потребни за спроведување на набавката (со новиот Закон за јавни набавки ПВ не се објавува јавно);
  - видот на постапката за јавна набавка што ќе се примени и
  - членовите и претседателот на комисијата за јавни набавки.

# Фази во јавните набавки

1. Донесување на одлуката за набавката
2. **Подготовка на тендерска документација**
3. Објавување оглас и прибирање понуди
4. Отворање на понуди
5. Избор на најповолна понуда
6. Склучување договор
7. Спроведување на договорот

- Во тендерската документација се утврдуваат:
  - **Критериумите што фирмите треба да ги исполнат за да можат да учествуваат на јавната набавка** (способност за вршење на професионална дејност, економска и финансиска состојба, техничка и професионална способност и стандарди)
  - **Критериум за избор на најповолна понуда:**
    - **‚економски најповолната понуда‘** (најповолната понуда се утврдува преку цена со користење на пристапот на исплатливост или животен век или како најдобар однос помеѓу цената и квалитетот )
  - **Техничка спецификаци**ја, во која попрецизно се дефинираат параметрите за предметот на набавката (ниво на квалитет, техничко ниво или ниво на изведба, димензии, пакување, симболи, означување и етикетирање и сл.)
  - **Банкарска гаранција за понудата** максимум до 3% од вредноста на понудата или **изјави за сериозност на понудата**.
  - **Банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот** од 5% до 15% од вредноста на договорот.

# Фази во јавните набавки




- Објавување на оглас и прибирање на понуди од фирмите:
  - **Каде се објавуваат огласите?**
    - **Електронскиот систем за јавни набавки – ЕСЈН** за тендерите чија вредност е поголема од 1.000 евра ако станува збор за стоки и услуги и 5.000 евра за работи огласите се објавуваат на ЕСЈН,
    - **Службен весник на РМ** за тендери над 10.000 за стоки и услуги односно 20.000 евра за работи и во,
    - **Службен весник на Европската Унија** (TED-Tender Electronic Daily) за тендери над 130.000 евра за стоки и услуги и 5.000.000 евра за работи.

# Фази во јавните набавки

Донесување на одлуката за набавката → Подготовка на тендерска документација → Објавување оглас и прибирање понуди → **Отворање на понуди** → Избор на најповолна понуда → Склучување договор → Спроведување на договорот

- Во огласите јасно е наведена дата, времето и местото на отворање на понудите.

- **На отворањето на понудите** се читаат цените, понудената гаранција како и документите со кои што фирмите докажуваат дека ги исполнуваат минималните критериуми за способност. На самото отворање не се отфрлаат понудите од фирмите.

# Фази во јавните набавки

Донесување на одлуката за набавката → Подготовка на тендерска документација → Барање согласност од СЈН → Објавување оглас и прибирање понуди → **Избор на најповолна понуда** → Склучување договор → Спроведување на договорот

- Избор на најповолна понуда:
  - Проверка дали фирмите ги исполниле бараните критериумите за утврдување на способност –влез во евалуацијата на понудите.
  - Бодувањето на понудите и нивно рангирање.
  - Спроведување на електронска аукција ако е предвидено.  Станува збор за модел на негативно наддавање  каде фирмите со скриен идентитет се натпреваруваат која ќе понуди пониска цена за набавката.
  - Официјална одлука за избор на најповолната понуда или за поништување на постапката ( одлуката ја донесува одговорно лице на договорниот орган врз основа на предлог на комисијата за јавни набавки).
  - Известување на фирмите кои учествувале во постапката (три дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда).

# Фази во јавните набавки

Донесување на одлуката за набавката → Подготовка на тендерска документација → Барање согласност од СЈН → Објавување оглас и прибирање понуди → Избор на најповолна понуда → **Склучување договор** → Спроведување на договорот

- Склучување на договор за јавна набавка:
  - Договорот се склучува не подоцна од 30 дена од конечноста на одлуката за избор на најповолна понуда (што значи по истекот на рокот за жалби).
  - Во рок од 10 дена од склучување на договорот институцијата е должна да достави известување за склучениот договор до ЕСЈН. Во прилог се доставува и склучениот договор.
  - Можност за измена на договорот (анекс договори). Вредноста на анекс договорот не смее да биде повисока од 20% од вредноста на основиот договор.
  - Во рок од 10 дена се објавува известувањето за измена на договорот за време на негова важност.

# Фази во јавните набавки

1. Донесување на одлуката за набавката
2. Подготовка на тендерска документација
3. Барање согласност од СЈН
4. Објавување оглас и прибирање понуди
5. Избор на најповолна понуда
6. Склучување договор
7. **Спроведување на договорот**

- Спроведување на договор за јавна набавка:
  - Неопходно е доследно почитување на одредбите од договорот.
  - Спроведувањето на договорите не е регулирано со ЗЈН туку за Закон за облигациони односи.
  - Во рок од 10 дена од целосна реализација на договорот до ЕСЈН се доставува известување за реализиран договор.

# Видови постапки за јавни набавки

- Видови постапки за доделување на договор за јавни набавки:

  - Набавка од мала вредност;
  - Поедноставена отворена постапка;
  - Отворена постапка;
  - Ограничена постапка;
  - Постапка со преговарање без објавување оглас;
  - Постапка со преговарање со објавување оглас;
  - Конкурентна постапка со преговарање;
  - Конкурентен дијалог и
  - Партнерство за иновации.

# Финансиски прагови во јавните набавки

| Финансиски праг | Начин на набавка |
|---|---|
| До 1.000 евра без ДДВ | Не се применува Законот за јавни набавки и не се спроведува постапка на јавна набавка. |
| Од 1.000 до 10.000 евра без ДДВ за стоки и услуги и 20.000 евра за работи | **Набавка од мала вредност**<br><br>Се објавува оглас и минимален рок за понуди е 7 дена. |
| Од 10.000 до 70.000 евра без ДДВ за стоки и услуги и до 500.000 евра за работи | **Поедноставена отворена постапка**<br><br>Се објавува оглас и минимален рок за понуди е 15 дена. |
| Над 70.000 евра за стоки и услуги и над 500.000 евра без ДДВ за работи | **Отворена постапка**<br><br>Се објавува оглас и минимален рок за понуди е 30 дена.<br><br>**Ограничена постапка**<br><br>Се спроведува во 2 фази. Првата е за оценка на способноста на понудувачите, а втората е за понудите. |

# Видови постапки за јавни набавки

